**ЗАПИСНИК**
**од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 02.04.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, м-р Горјан Шеќеринов.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 15-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со првично предложениот дневен ред објасни дека тој се состоеше од три точки и четири потточки под Разно. Во таа насока предложи потточките под Разно при читање на дневниот ред да ги стави како точки во дневниот ред додека Точката Разно да остане празна како што и до сега вообичаено било пракса.

Г-дин Трајчев постави прашање за Предлог-записникот од 12-та седница, до каде е со изработка затоа што поминаа повеќе од 30 дена. Посочи дека записникот сѐуште не е доставен и треба да се стави на разгледување.

Г-дин Петрушевски рече дека не е ставен на оваа седница иако рекол да се планира но веројатно не е реализиран и ќе остане за следната седница.

Советот на Агенцијата, со корекциите кои ги предложи г-дин Петрушевски, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.03.2020 година.

2. Предлог-одлука за ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.
3. Предлог-одлука за доделување финансиска помош – донација за санирање на последиците од пожарот на ТВ Канал Вис Струмица.
4. Предлог за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата.
5. Предлог за продолжување на крајниот рок на јавната расправа по нацрт-актите во врска со член 143 од ЗААВМУ.
6. Предлог за определување прекин на постапки по 2 (два) објавени јавни конкурси за доделување дозволи за радио емитување.
7. Приговор од вработена во Агеницијата.
8. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа Предлог-записникот од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.03.2020 година.

Г-дин Фидановски предложи техничка корекција на страна 2 или 3 од вкупниот материјал. Имено во пасусот од неговата дискусија, во вториот ред зборовите „десктоп со компјутер" да се коригираат во „десктоп компјутер".

Советот на Агенцијата со предложената техничка корекција, едногласно го усвои Записникот од 15-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.03.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 2 и 3**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-одлуката за ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година и Предлог-одлуката за доделување финансиска помош – донација за санирање на последиците од пожарот на ТВ Канал Вис Струмица предложи да се одвиваат во една заедничка дискусија бидејќи двете се меѓусебно поврзани а потоа Советот да гласа за секоја од нив поединечно.

Г-дин Трајчевски објасни дека со предложениот ребаланс нема да се зголеми финансискиот план како што тоа беше предлог на минатата седница кога се доделуваше донација за сите радиодифузери во нашата држава, за јавниот сервис и двете министерства за здравство и внатрешни работи. Сега се прави ребаланс од други ставки во планот за кои се очекува дека во овој период нема да бидат реализирани поради состојбата во која се наоѓа државата и исто така од јавни набавки кои веќе се спроведени но е обезбедена пониска цена од онаа што била предвидена на почетокот на годината односно од периодот кога се носел Финансискиот план. Од тие ставки ќе се обезбедат

финансиски средства кои се планираат да се донираат на Телевизија ВИС од Струмица заради тоа што беше опожарена пред 10-тина дена. Објасни дека сите материјали од Точките се доставени до Советот но сепак рече дека ќе образложи како се доаѓа до овој износ од 3 милиони денари. Објасни дека:

- Групната ставка Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација ќе се намали за 155.000,00 денари,
- Позицијата Издатоци за репрезентација ќе се намали за 155.000,00 денари,
- Групната ставка Дневници за службени патувања и патни трошоци ќе се намали за 550.000,00 денари,
- Позицијата – Надомест за трошоци за превоз за службени патувања во земјата ќе се намали за 100.000,00 денари,
- Позицијата Надомест за трошоци за ноќевање за службени патувања во земјата ќе се намали за 450.000,00 денари,
- Групната ставка – Интелектуални и други услуги ќе се намали за 1.395.000,00 денари,
- Позицијата – Други лични и интелектуални услуги ќе се намали за 400.000,00 денари,
- Позицијата – Други неспомнати услуги – истражување ќе се намали за 995.000,00 денари,
- Групната ставка – Средства за опрема ќе се намали за 900.000,00 денари,
- Позицијата – Купување на канцелариски мебел ќе се намали за 400.000,00 денари и ќе изнесува 0,00 денари,
- Позицијата – Купување - набавка на друга опрема ќе се намали за 500.000,00 денари и тоа е сумата за планираната набавка за Систем за управување со документи за потребите на Агенцијата,
- Групната ставка – Помошти, донации и други давања на субјекти ќе се зголеми за 3.000.000,00 денари,

Г-дин Трајчевски по деталното образложение објасни дека збирот на сите овие ставки кои се намалуваат изнесува 3 милиони денари и потоа се префрлаат на групната ставка – Помошти, донации и други давања на субјекти со цел 3 милиони денари да бидат доделени на ТВ ВИС.

Г-дин Фиданоски рече дека според него добро се направени кратењата од ставките кои што во овој момент а веројатно и оваа година за некои од нив нема да има потреба да се користат и тој износ на средства да се префли за донации што во овој момент може Агенцијата да си го дозволи да го даде на радиодифузерот кој се наоѓа во незавидна ситуација. Објасни дека остварил разговор со дел од вработените кои лично ги познава и тие му укажале дека ситуацијата е навистина тешка, импровизирано работат, меѓутоа веројатно ќе мораат многу брзо да се престројат. Бараат нов простор во кој би пробале одново да го инсталираат студиото и оттаму да почнат што поскоро да работат. Знае дека им се потребни многу средства и овие средства што Агенцијата ќе им ги донира нема да им ги покријат трошоците но како гест повторно го поздравува и смета дека

навистина ќе им се најдат. Во овој момент уште еднаш Агенцијата и Советот покажуваат дека кога треба секогаш во рамките на нивните можности се тука и можат да помогнат. Го поздравува овој чин за кој дискутирале и минатата седница. Бидејќи се дискутира за двете точки, посочи дека доколку има потреба од нови пренамени има уште ставки во кои може да се реагира во зависност од ситуацијата и во зависност од тоа колку ќе се оддолжи оваа вонредна ситуација. За таа цел може да се направат дополнителни префрлувања за некои други ургентни потреби.

Г-дин Петрушевски рече дека она што г-дин Фиданоски го разговарал со вработените од ТВ ВИС е позитивно за Советот, за да се уверат уште еднаш за потребата од оваа донација.

Г-дин Фетаи рече дека се приклучува кон овој добар момент и позитивна ситуација. Од сетоа она што се случува околу нас, ова е добра можност Советот и Агенцијата како регулатор да помогнат во несреќата која се случила кај овој медиум. Посочи дека му се допаднал начинот на кој се обезбедени овие средства од постојниот финансиски план. Од него на некој начин се пронашле заштедите и можностите да се реализира донацијата. Од секој аспект е позитивно да се дава донација, помош, посебно на медиумите. Рече дека ќе се повтори во дискусијата од минатата седница дека не посакува повеќе никогаш да им биде потребна ваква помош. Ако во иднина дојде некоја криза сите погледот ќе го свртат кон Агенцијата и сите во иднина ќе се надеваат дека ќе им помогнат. Но не е сигурен дали во иднина ќе имаат таква можност, вака позитивно и ефектно да им се помогне но се надева дека и другите институции ќе излезат во пресрет. Нема некоја информација во смисла дали и другите институции солидарно се однесуваа кон медиумите во овој период. Се изјасни дека предлозите ги поддржува.

Г-дин Трајчев рече дека според него е неспорна потребата за донација наменета за еден радиодифузер на кој му се случи една несреќа, трагедија и го стави во неповолна позиција и заедно со вработените е застаната таа дејност. Ненадејно се случи несреќата и треба да им се помогне. Агенцијата и Советот помогна за земјотресот во Република Албанија, во Република Грција и во сите ситуации каде што можеше да се помогне, посебно од причина што се работи за радиодифузер а нивната надлежност е во функција на радиодифузерите и обезбедување на нивната дејност и функционирање за што смета дека тука е во ред. Забележал дека во материјалите Барањето за помош за ТВ ВИС е поднесено од страна на Здружение на електронски медиуми. Праша дали има поднесено барање самиот радиодифузер, дали се разговарало со радиодифузерот, дали овие средства ќе бидат доволни за да започне со својата дејност посебно од причина што согласно Законот член 82 став 1 алинеја 2 – радиодифузерот е должен да ја започне дејноста во рок од 30 дена. Тоа е многу важно дали со овие средства и со дополнителните средства што се донираа на претходната седница ќе може да ја исполни оваа обврска. Кога Агенцијата и Советот ја даваат оваа донација смета дека треба да обезбедат и Изјава од самиот радиодифузер дека дејноста ќе ја почне во тој рок.

Г-дин Петрушевски објасни дека првото прашање исто како и г-дин Трајчев си го поставил и тој, зошто во документите нема допис од радиодифузерот. Разговарал со директорот и тој рекол дека има таков допис и претпоставува дека е пропуст на Службата што тој документ го изоставиле во материјалите.

Г-дин Трајчевски одговори дека Барање има поднесено и самиот радиодифузер минатиот петок. Истото барање го препратил кај претседателот на Советот и причината зошто не го ставиле во материјалите е веројатно затоа што овие последни 5-6 дена работат на договорите со радиодифузерите за последната донација. Во врска со констатацијата на г-дин Трајчев рече дека тој член не се однесува за започнување на дејноста бидејќи тие веќе ја започнале дејноста од 1998 година, туку доколку радиодифузерот не емитува програма од 30 дена има обврска да се започне постапка за одземање на дозволата. Во самиот договор за донација ќе бидат регулирани обврските помеѓу радиодифузерот и Агенцијата.

Г-дин Трајчев рече дека токму таа алинеја ја кажал во дискусијата, не за започнување на дејност туку конкретно за престанување на емитување на програма од 30 дена, алинеја 2 од член 82 став 1. На тоа мислел а не на исполнување на технички услови туку радиодифузерот е должен во рок од 30 дена да почне со работа. Она што го објаснил г-дин Трајчевски дека во договорот ќе бидат ставени такви одредби, тој во приложениот договор не ги видел и затоа била неговата реакција. Според него ако даваат донација треба во договорот да биде предвидена и изјава дека ќе почне со работа во тој рок, затоа што може да се соочат со ситуација да по тој рок се должни да покренат таква постапка а претходно дале донација. Или пак во самиот договор да биде предвидена некаква гаранција од страна на сопственикот. Нема да биде ништо спорно ако радиодифузерот успее да почне со работа и ако тоа успее да го направи и притоа Агенцијата со донација ќе помогне во воспоставување на неговата дејност. Но, прашањето му е повеќе од правен аспект доколку не се случи тоа Советот и Агенцијата мора со давање на оваа донација да се обезбедат со некаква гаранција на сопственикот и некаква изјава дека кога се дава оваа донација радиодифузерот ќе започне со работа во тој рок.

Г-дин Трајчевски рече за да се расчистат дилемите, радиодифузерот и сега емитува програма и не станува збор дека не емитува програма. Состојбата дека некој радиодифузер може да престане со емитување програма важи и за другите 116 радиодифузери на кои минатата седница им се додели донација. Има Закон за донации, има обврски кои што и без оглед дали ќе престане или нема да престане со работа, правните лица имаат обврски кон Агенцијата. ТВ ВИС и сега емитува програма, но добро е да си најде нов соодветен простор кој ќе му биде трајно решение за да може да ја врши дејноста. Потоа Агенцијата ќе направи надзор за да се констатира дали ги исполнува сите технички услови. Не станува збор за кадровските услови бидејќи нема информација дека некој е отпуштен од работа. Што се однесува и до сите други радиодифузери во оваа тешка состојба и им дале донација, може да се случи наредниот период и да престанат да работат бидејќи донацијата која ја доделиле можеби ќе им помогне еден месец или два. Но ако продолжи оваа ситуација со пандемијата и потоа економските последиците кои ќе произлезат и продолжат од неа, донацијата која ја доделиле нема да им помогне на радиодифузерите во поголемиот дел да опстојат доколку другите државни институции и Владата не обезбедат средства за плати како што и најавија со сет на мерки пред неколку дена.

Г-дин Трајчев рече дека не го знаел фактот ниту од материјалите произлегува дека радиодифузерот емитува програма. Доколку емитува програма во таков случај нема ризик од аспект на давање на донација а да не започне со дејност. Ако веќе емитува програма тогаш овие средства ќе бидат наменети за подобрување на условите и враќање на состојбата која била претходно. Во однос на другите радиодифузери доколку настанат ситуации како што навестил директорот, евентуално после одреден период да не можат да го издржат периодот на оваа состојба во државата која е лоша и за другите економски субјекти, веројатно има варијанти и можности да се донесе некоја Уредба со законска сила, членовите од Законот по кои Советот е должен да покренува постапки за одземање на дозволите да се продолжат тие рокови, да се коригираат овие обврски од Законот, но сето тоа би било понатаму. За него била важна информацијата дека радиодифузерот емитува програма и тоа значи дека нема да биде загрозена евентуалната негова позиција по истекот на 30 дена, да се даде донацијата а да не може да почне со дејност. Фактот дека веќе работи не го знаел и тоа е добра вест.

Г-дин Петрушевски рече дека оваа донација очекува да има ефект, да се спаси радиодифузерот, секако не е разумно да се очекува од регулаторот дека би користел кратки рокови па веднаш после донацијата, по неколку дена да се бара од него да го исполнува програмскиот формат, туку би ги користеле максималните рокови кои Законот ги дозволува и на тој начин да му се помогне да „застане на свои нозе". Се надева дека нема да се јави друг радиодифузер како што беше случајот со РАДИО ЈОН па да го пријавува кај Агенцијата за да му се одземе дозволата и да бара проблеми во неговото работење.

Г-дин Фетаи рече дека во оваа насока по објаснувањата на директорот г-дин Трајчевски и г-дин Трајчев нема дилеми, бидејќи има две позиции на програмата и на покриеност со сигнал. Тие продолжуваат да емитуваат програма што е во ред и регулаторот продолжува да набљудува дали емитуваат програма, но прашање е дали сигналот успева да стигне до гледачите што значи дека не би требало да додели донација. Мисли дека сега е во ред после објаснувањето, нема ризик од таа страна затоа што ќе им помогнат да се вратат во позициите кои ги имале претходно. По објаснувањата рече дека нема дилеми.

Г-дин Ајдини рече дека го цени тоа што Агенцијата секогаш била подготвена во вакви случаи да помага. Добро е тоа што стои во Одлуката дека примателот на донацијата треба наменски да ги потроши средствата односно да емитуваат програма и содржини кои се означени за регионот Д4. Смета дека овие средства можеби не се доволни но колку толку ќе ги санира штетите за да продолжи да работи нормално. Тоа му го посакува и за него одлуките се прифатливи.

Г-дин Фиданоски рече дека нема да му бидат доволни средствата тоа е сигурно но како што кажал г-дин Трајчевски, сигурен е дека брзо ќе се престројат бидејќи станува збор за медиум кој повеќе од 20 години егзистира во етерот. Дел од екипата ја познава лично и за нив рече дека се луѓе кои професинално ја вршат нивната работа и верува дека за брзо време ќе успеат да се прилагодат. Евентуален прекин во програмата според него би настанала во моментот кога ќе се преселуваат во новите простории додека ја инсталираат опремата но сигурен е дека тој период ќе биде пократок од законски

предвидениот рок за прекин од 30 дена и сигурно е дека после тоа, всушност убеден е дека ќе го решат ова прашање трајно за еден подолг период. Она што беше загатнато во дискусијата околу тоа колку другите институции помагаат, рече дека нема информации но има неофицијални сознанија дека голем број од компаниите, некои од нив размислуваат сериозно, имаат повлечено дел од рекламите и кај радиодифузерите кои се дел од надзорот на Агенцијата, но неофицијално, не се повикува 100% на овие информации, е дека е намален капацитетот во однос на рекламите кај телевизиите и радијата, што значи дека оваа ситуација се одразува доста сериозно врз сите. Ситуацијата е вонредна и се надева дека Агенцијата и Советот во зависност од потребите во сите идни чекори ќе се однесуваат вонредно флексибилно во однос на радиодифузерите.

*Гласање по Точка 2*

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година, бр.05-1385/1 од 26.03.2020 година.

Со предложениот ребаланс, вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 243.132.275,00 денари.

Со ребалансот на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од износ од 3.000.000,00 денари, кои Агенцијата ќе ги донира на ТВ Канал Вис Струмица, со цел да и се помогне на телевизијата во санирање на последиците од пожарот кој ја зафатил на 25-ти март, во кој биле опожарени телевизиското стидио и техниката.

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 3*

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за доделување финансиска помош - донација на ТРД ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица во износ од 3.000.000,00 (три милиони) денари, со цел поддршка на активностите на радиодифузерот при санирање на последиците од пожарот кој го зафати на 25.03.2020 година, односно за продолжување со емитување програма и содржини од значење за регионот Д4 - Боскија (Радовиш, Конче, Василево, Босилово, Струмица, Ново Село, Валандово, Богданци, Дојран, Гевгелија).

Финансиските средства од горенаведената Одлука, се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2020-та година и истите се уплаќаат на сметката на ТРД ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.

За доделената финансиска помош – донација се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, кој стапува во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено

позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски по гласањето на радиодифузерот му посака со успех да продолжи понатаму со работа.

Г-дин Трајчевски информира дека ТВ ВИС работи и нивната телевизиска екипа е во просториите на АВМУ која ќе сними прилог за да го промовираат овој гест на Агенцијата. Посочи дека тие се 100% во функција и не треба да има дилеми дека престанале со работа или дека нема за 30 дена да започнат. Напомена дека кога ќе биде готов прилогот ќе им биде испратен и линкот за да го погледнат.

Г-дин Фиданоски го поздрави гестот на телевизијата.

**Точка 4**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата. Објасни дека станува збор за јавна набавка која не е предвидена во Годишниот план од причина што не е доставена како предлог од надлежниот сектор. Сега има можност тоа да се надмине бидејќи Законот за јавни набавки овозможува во текот на годината да може согласно потребата да се изврши дополнување на планот доколку се обезбедени средства во Финансискиот план. Овој услов е обезбеден, финансиски средства се предвидени и се предлага да се дополни планот со услуга – одржување на хигиена во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-460/1 од 03.02.2020 година, со текст како што беше предложен.

Согласно потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, неопходно е постојниот Годишен план за јавни набавки во 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Пречистен текст) бр.05-460/1 од 03.02.2020 година, да се дополни на следниот начин:

- во Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, по точката 33, се додава една нова точка 34, која ќе гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 34. | Одржување на хигиена во просториите на Агенцијата | април | услуга | Поедноставена отворена постапка | 830.000,00 |

Постојната точка 34, станува точка 35.

За горенаведеното предложеното дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-460/1 од 03.02.2020 година, средствата во целост се обезбедени со Финансискиот план за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Службата за јавни набавки да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски рече дека Предлогот за продолжување на крајниот рок на јавната расправа по нацрт-актите во врска со член 143 од ЗААВМУ и следната Точка 6 Предлог за определување прекин на постапки по 2 (два) објавени јавни конкурси за доделување дозволи за радио емитување може да се стават во еден контекст бидејќи Владата донесе Уредба со сила на Закон дека роковите во сите започнати управни постапки ќе се продолжат во соодветен рок по завршувањето на вонредната состојба. Но и покрај тоа Советот на Агенцијата самостојно го утврдува рокот на јавната расправа. За овие подзаконски акти Агенцијата распиша јавна расправа и се објавија на веб страницата, но реално не можеше да се организираат состаноци со засегнатите страни бидејќи се во голем број, радиодифузери, кабелски оператори, иматели на права и реално за вакво значајно прашање што предизвика сериозна реакција во јавноста дури имаше и најава за исклучување на сите канали од страна на кабелските оператори, неопходно е да се организира не една туку можеби и повеќе јавни расправи за да се дојде до најсоодветно прифатливо решение за сите засегнати страни. Со оглед на фактот дека во услови на епидемија не е возможно и не е дозволено собирање на повеќе од 5 лица во еден простор, реално дека Агенцијата не може да одржи вакви многу значајни состаноци и затоа се предлага да се продолжи рокот за јавна расправа, првично како предлог за 30 дена од завршување на вонредната состојба потоа во зависност од условите дали ќе има потреба и од дополнително продолжување на овој рок.

Г-дин Фиданоски праша бидејќи станува збор за сензитивно прашање од доменот на работа на регулаторот и бидејќи земјата се наоѓа во вонредна ситуација за која не се знае кога ќе заврши, дали рокот за расправа од 30 дена можеби би требало да биде подолг и дали тој одново ќе се стартува со одлука на Советот за отпочнување на јавната расправа?

Г-дин Петрушевски рече дека во материјалите пишува дека овие 30 дена ќе почнат да течат од кога ќе заврши вонредната состојба.

Г-дин Трајчевски потврди дека уште 30 дена по завршување на вонредната состојба но во зависност од условите ако се покаже дека и тој рок е краток, може Советот да го продолжи бидејќи во Законот нема рок туку има само најкраток рок односно - јавната расправа не смее да биде пократка од 30 дена. Од ова произлегува дека таа може да трае подолго се додека не се изнајде соодветно решение.

Г-дин Петрушевски објасни дека од кога ќе заврши вонредната состојба ако владеат некои проблеми во нашата држава, ќе се видат тие услови и пред да заврши рокот може Советот да даде уште 30 дена или онолку колку што ќе биде потребно.

Г-дин Фиданоски рече дека тоа и му била поентата на неговото прашање. Може да биде завршена вонредна состојба но по неа во какви услови ќе се наоѓаат сите и како општество и како држава пред се економски, може да се наметнат нови правила на игра по ова прашање. Затоа мора уште еднаш да се видат, да разгледаат и да бидат максимално флексибилни за да на крајот донесат правилна одлука.

Г-дин Петрушевски предложи заклучокот да се донесе онака како што е предложен во материјалите, а дискусијата на г-дин Фиданоски секако сите ќе ја имаат предвид. Доколку се покаже потреба, и се покаже дека тие 30 дена се недоволни, нема ограничување и повторно може да го продолжат рокот за онолку денови колку што се потребни.

Советот на Агенцијата едногласно го прифати предлогот и го продолжи рокот на траење на јавната расправа за Нацрт-упатството за начинот на регистрација и бришење на законски застапник на радиодифузер од друга држава во регистерот на законски застапници на радиодифузери од други држави кои се реемитуваат на територијата на Р. С. Македонија; Нацрт-упатството за постапка за утврдување на одговорноста за сторена повреда или прекршување при реемитување на програмски сервиси на радиодифузери од друга држава; и Нацрт-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси бр.01-5775/1 од 21.11.2014 година за период од 30 дена кои ќе почнат да се сметаат од денот на завршувањето на вонредната состојба во РСМ.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за определување прекин на постапки по 2 (два) објавени јавни конкурси за доделување дозволи за радио емитување. Објасни

дека на 18 март од кога е воведена вонредна состојба ќе се смета дека од тогаш се ставени во мирување постапките по двата објавени јавни конкурси и по завршување на вонредната состојба дополнителни ќе бидат продолжени конкурсите за периодот што преостанал до нивно завршување односно за уште 21 ден.

Г-дин Фетаи рече дека Советот веќе има искуство со пролонгирање на одредени конкурси и позиции и ова што сега директорот го кажал е дека од 18.03 ќе се смета прекинот а не од денес бидејќи сега е веќе 02.04. Потоа по завршување на вонредната состојба течат деновите кои преостанале односно периодот на конкурсите продолжува. Ова го потсетува на дилемата која ја имале околу 5-те дена, деновите кои преостанаа за РАДИО ЈОН кога имаше голема дебата кога почнува прекинот односно кога завршува. Добро е што во овој случај е прецизирано, дека од 18.03 е во мирување до денот кога ќе заврши вонредната состојба.

Г-дин Петрушевски уште еднаш прочита од материјалите дека во мирување е од 18.03. а се продолжува за 21 ден од кога ќе заврши вонредната состојба. Овој предлог е ист за двата конкурси.

Советот на Агенцијата едногласно определи дека рокот за поднесување пријави по објавениот јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Куманово со Одлука Уп1 бр.08-574 од 03.01.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.3/20) кој истекува за време на траење на вонредната состојба, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува по истекот на траењето на вонредната состојба но само за онолку денови колку што преостанале и тоа 21 ден од денот на истекот на траењето на вонредната состојба.

Советот на Агенцијата едногласно определи дека рокот за поднесување пријави по објавениот јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на подрачјето на општина Тетово, на локално ниво со Одлука Уп1 бр.08-576 од 03.01.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.3/20) кој истекува за време на траење на вонредната состојба, престанува да тече за време на траењето на вонредната состојба и продолжува по истекот на траењето на вонредната состојба но само за онолку денови колку што преостанале и тоа 21 ден од денот на истекот на траењето на вонредната состојба.

За горенаведениот заклучок на Советот, да се известат странките кои како заинтересирани страни поднеле барање за објавување јавен конкурс, странката која има поднесено пријава по Јавниот конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на подрачјето на општина Тетово како и странките кои евентуално би поднеле пријави по предметните јавни конкурси.

**Точка 7**

Г-дин Петрушевски во врска со Приговорот од вработена во Агенцијата објасни дека има доволно материјали за точката, и пред 15 минути на Советот му беше доставен уште еден приговор од вработената каде што дополнително кажува дека треба да се

земат предвид нејзините тврдења а не тврдењата на вработените кои ги навеле во службената белешка. Објасни дека директорот г-дин Трајчевски би го изоставил од дискусија бидејќи тој е поднесувач на дисциплинската постапка.

Г-дин Трајчевски рече дека по оваа точка ќе се изземе од дискусија а на поставените прашања или дилеми ќе одговора Цветанка Митревска бидејќи е и претседател на дисциплинската комисија за постапката која е поведена против вработената.

Претседателката на дисциплинската комисија Цветанка Митревска рече дека оваа материја не е ниту лесна ниту пријатна. Во рамките на работните задачи кои се ставени за извршување го прегледале вчерашниот приговор од вработената за која е поднесена иницијатива за дисциплинска постапка што може да преставува дисциплински престап. По извршениот увид во приговорот може да каже дека неосновани се наводите во приговорот дека со донесувањето на Решението по кое престанува да важи Решението за мирување на дисциплинската постапка, е постапено спротивно на Уредбата со законска сила на примена на Законот за општа управна постапка за време на вонредна состојба, од причина што започнатата дисциплинска постапка се води согласно одредбите на Законот за работни односи и Правилникот на Агенцијата за работен ред и дисциплинска одговорност. Ова со ЗОУП нема никаква допирна точка. Агенцијата постапува според ЗОУП меѓутоа за своите надлежности од ЗААВМУ, односно кога ги обавува работите од нејзината дејност. Во овој конкретен случај донесувањето на оваа Уредба со законска сила за примена на ЗОУП нема никакво влијание врз текот на дисциплинската постапка. Влијание имаше откако беше започната дисциплинската постапка донесувањето на одлуката на Собранието за распишување на избори. Тогаш согласно член 8-а од Изборниот законик беше донесено решение и дисциплинската постапка се стави во мирување. Меѓутоа со донесувањето на Уредбата за прекин на изборниот процес тамо изрично е наведено дека со стапување во сила на оваа уредба па се до денот на престанокот на вонредната состојба не се применува членот 8-а од Изборниот законик. На тој начин се создадоа услови да се донесе оспоруваното Решение односно да се донесе Решението дека престанува да важи Решението за мирување на дисциплинската постапка. Со тоа се создаваат услови да се продолжи со водењето понатаму. Инаку станува збор за решенија кои се донесуваат во текот на постапката и со кои се одлучува за статусот односно за фазата во која се наоѓа постапката. И против тие решенија работникот против кого е поведена постапката нема право на проговор и жалба, тоа се решенија со кои се одлучува за статусот за постапката. Против овие решенија вработената ќе може да се изјасни кога ќе биде донесено решение по самата дисциплинска постапка. Тоа значи дека не и е одземено правото да се изјасни по овие решенија меѓутоа не сега и не во оваа фаза. Кога беше донесено Решението за мирување на постапката тогаш немаше никаков приговор затоа што и беше во прилог. Сега има Решение со кое се продолжува постапката и престанува мирувањето и одма има реакција. Исто така во текот на минатиот ден за да се потврди она што претходно го кажала со ЗОУП направена е телефонска консултација со Ана Михајлова виш инспектор од Државниот управен инспекторат и од нејзина страна беше посочено дека дисциплинските постапки не се управни дејствија во управни постапки и не се водат по

ЗОУП. Значи во конкретниот случај нема водење на управна постапка ниту има поведено управен спор. Значи оваа Уредба со законска сила на примена на Законот за општа управна постапка нема никакво влијание.

Г-дин Петрушевски отвори дискусија и можност за поставување прашања за да заземат став. Во таа насока рече дека ќе даде мал вовед. Потсети дека пред извесно време кога имаше потешка постапка, кога вработен во Агенцијата кој подоцна истот вработен си даде отказ, тогаш Советот не го повикал вработениот како што сега не е повикана ни вработената, не се мешале во внтрешните работи на Агенцијата односно на службата и директорот. Чекале да заврши постапката и на крај да дадат свое мислење затоа што тие како Совет не се мешаат во работењето на директорот и вработените и во нивната меѓусебна работа. Вработените може да се жалат до Советот доколку директорот и другите вработени направат некоја постапка која ги повредува. Оваа постапка за која сега разговараат воопшто не е завршена, таа е во тек. Сега нема никаква одлука има само постапка која се води. Ова е неговата дилема како да постапат. Тој лично не би се мешал во работата ниту на директорот ниту на комисијата, би ги оставил полека тие меѓусебе да ги расчистат сите проблеми што ги имаат и потоа кога ќе имаат јасен став ако не е задоволна вработената ќе се обрати до Советот и тогаш тие ќе се изјаснат дали тоа е добро или не е добро. Тоа е неговиот став.

Г-дин Фетаи рече дека ова е уште еден момент што го слушнале од г-ѓа Митревска кој покажува и докажува дека професионалноста е многу битна. Од присутните гледа дека правници се само г-ѓа Митревска и г-дин Трајчев можеби и г-дин Фиданоски е правник и ова е една правна заврзлама. Дадени се термини како дисциплинска постапка, управна постапка, донесено решение и тоа што е во доменот на регулаторот тие може да постапат кога ќе дојде Решението донесено од директорот и ако вработената е незадоволна тогаш ќе разгледаат. Сега не гледа некоја поголема причина да дебатираат за ова. Г-ѓа Митревска многу убаво објаснила колку што можел да разбере дека сега нема донесено Решение и дека ова не е управна постапка туку дисциплинска постапка. Ќе разгледуваат кога ќе се донесе Решение и кога тоа ќе го добие тој формат. Ова сега изгледа на правно надмудрување со цел да се одложува реализацијата на идејата на директорот, бидејќи директорот како главен менаџер и директор на институцијата има право според Законот да го оценува однесувањето на вработените и во рамките на неговите овластувања да покренува дисциплинска постапка. Сега не би одел понатаму, туку кога ќе има дефинитивно Решение и доколку има жалба во рамките на нивните правни моменти бидејќи никој од нив не е судија. Тој повеќе им верува на органите и тоа што е направено како завршен акт. Додека Советот нема Решение во поглед на тоа што ќе се преземе, а што директорот ќе преземе и тука е ограничен бидејќи мерката која ќе се преземе ја носи дисциплинската комисија која ќе го разгледа случајот и ќе му сервира на директорот идеја кои се можностите околу реализација на неговата идеја за дисциплинска постапка. Смета дека не треба да се губи сега време и се согласува со г-дин Петрушевски.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе се обиде да го формулира заклучокот врз основа на ставот изнесен во дискусиите на г-дин Фетаи и неговата дискусија но тоа не може сега

да го направи бидејќи треба да ги слушне и останатите каде може да се појават и нови моменти.

Г-дин Фиданоски рече дека прво ќе праша што се бара од Советот ако е сѐуште во фаза на водење дисциплинската постапка. Не треба да бидат суд кој ќе пресече или ќе одлучува за работи за кои нема ингеренции. Ова е работа на директорот и на службата и тие треба да си ја водат таа постапка. Тоа е едниот момент. Вториот момент кога веќе се отвори дискусија може и да кажат мислење по некои прашања. Бидејќи станува збор за сензитивно прашање секогаш кога се зборува за внатрешни меѓусебни односи во самата институција секогаш се тие сензитивни прашања за кои им се потребни доволно материјали и доволно информации за да може да се произнесат подетално. Рече дека ќе биде искрен и ќе говори во негово име како и секогаш, за него беше многу кусо времето за да може да ја разгледа детално оваа точка и за да може да се произнесе поконкретно. Моменот е дека конечниот материјал го добиле претходниот ден во 19 часот а последниот приговор од вработената го добиле 10-тина минути пред почетокот на седницата. Тоа е сосема не доволно за да може подетално да го разгледаат и содржински и суштински да се произнесат по него. Една мала дигресија на излагањето на г-ѓа Митревска, спомена и тоа го има и во материјалот дека е направена телефонска консултација со виш управен инспектор а негово мислење, негов совет и препорака е за вакви прашања сепак да добијат писмено мислење бидејќи овие прашања се суптилни и сензибилни а не само телефонска консултација. Тоа да се има во крајната постапка за да има на виделина какво е мислењето на управниот инспекторат како неутрална институција по ова прашање ако евентуално има потреба. Негово лично мислење е дека ова е работа на директорот и дека тој заедно со службата односно комисијата треба да си ја доврши постапката. Притоа апелираше во која и да е фаза постапката сосема да се исклучат субјективните елементи, ако има меѓусебна лична нетрпеливост и меѓусебни влошени односи на дел или на членови на комисијата во однос на засегнатата страна, субјективните моменти целосно да се исклучат и кога ќе се одлучува да се земат само објективните фактори.

Г-ѓа Митревска објасни дека консултацијата со вишиот управен инспекторат не беше одлучувачка за да сметаат дека постапката што се води нема врска со ЗОУП, бидејќи тоа на секој правник му е општо познато дека дисциплинска постапка се води според Закон за работни односи и подзаконскиот акт што го има донесено Агенцијата Правилник за работниот ред и дисциплинската и материјална одговорност на вработените во стручната служба на Агенцијата. Во ЗОУП е јасно наведено што е уредено во тој Закон и кога се постапува од уредбите со тој Закон. За оваа работа на комисијата не и е потребно писмено мислење од инспекторатот.

Г-дин Трајчевски процедурално рече дека службената белешка и проговорот од вработената беше вчера доставен до Советот околу пладне, не е доставен синоќа туку како информација службената белешка и приговорот се доставени напладне. Што се однесува до денешниот втор приговор, објасни дека во архивата пристигна 15 минути пред седница и коректно е истиот веднаш да биде доставен и до Советот. Материјалите се доставени навремено и видно е дека истовремено ги добил и тој кога и членовите на Советот.

Г-дин Петрушевски рече дека сака да даде предлог за заклучок кој е базиран на неговата дискусија, односно дека започнатата дисциплинска постапка до нејзино завршување треба да си ја води дисциплинската комисија формирана за таа намена од страна на директорот. Службата да си ја заврши работата внатре во институцијата. По завршување на целата постапка Советот ќе се изјасни. Сега не можат да заземаат страна, ова е принципиелна работа што треба да си ја завршат директорот и дисциплинската комисија кој тој ја формирал. Во дисциплинската комисија ги има наведено имињата и сите се раководители на сектори или најмалку на одделенија. Сите наведени членови на комисијата последните 15-20 години се истите кои соработуваат со вработената. Ако тие не можат да оценат, Советот уште помалку може да оцени дали има или нема грешка. Во врска со комисијата, рече дека според него не може да се стави член на комисија од многу пониско работно место од раководител и според него соодветно е избрана и комисијата бидејќи сите се раководни лица.

Г-ѓа Митревска во однос на субјективноста на постапување на комисијата, објасни дека тоа не е опција во ниеден случај. Сите членови на комисијата ќе си ја спроведат работата објективно, со разгледување на сите достапни факти. Во ниеден случај не може да се каже дека би постоел или би можело да постои субјективност во постапувањето на комисијата.

Г-дин Трајчев рече дека ќе се приклучи на апелот на г-дин Фиданоски, комисијата да не ги гледа работите субјективно, да работи и да ја заврши работата професионално. Рече дека е убеден во тоа но смета дека треба сепак да се апелира тоа така да остане. Во однос на материјалите што се доставени, рече дека се доставени пред седницата, добиле приговор 15 минути пред седницата и сега првпат го гледа приговорот и ги анализира фактите кои се дадени. Затоа рече дека би можело оваа точка да се анализира на следната седница од аспект на тоа што како Совет треба да направат. Советот е надлежен да одлучува во втор степен на постапките кои се водат. Во ситуација кога има приговор, постои опција да се одбие приговорот или да го прифатат доколку се надлежни да одлучуваат по тој приговор, и доколку тој приговор е не дозволен односно преуранет како што објасниле од службата тогаш треба да се отфрли. Во овој случај нема мислење од страна на Стручната служба. Искрено рече дека во неговата работа не се занимава многу со овие прашања на работни односи но рече дека ќе навлезе доколку е тоа потребно. Станува збор за право и Закони и треба да навлезат како Совет но сѐуште не му е јасно што треба да гласаат. Ова е дадено како точка и праша кои се нивните задачи, материјалот кој е доставен јасно не го определува тоа и не определува мислење од страна на Агенцијата во однос на приговорот што е даден. Дали тој приговор што е даден треба да се разгледува од страна на Советот или е преуранет односно е недозволен. Во оваа насока треба да добијат мислење од Стручната служба за понатаму како Совет да постапуваат.

Г-дин Петрушевски рече дека досега од дискусијата произлезе само еден предлог а тоа е предлогот што тој го кажал во насока да си продолжи постапката со дисциплинската комисија. Друг предлог нема и рече дека слободно може да поставуваат предлози. Ако неговиот предлог не добие мнозинство гласови тогаш може да не се

донесе заклучок и ќе треба да се расправа на следната седница но може да се добие и втор предлог кој ќе биде подобар од неговиот.

Г-дин Фиданоски рече дека не прејудицира дека некој субјективно ќе ги врши работите, туку како што кажал г-дин Трајчев апелира и препорачува да се исфрлат субјективните моменти при донесувањето на одлуката, објективно да се одлучува. Како што кажал г-дин Петрушевски станува збор за колешка, вработена со над 20 години во регулаторот, како што кажал г-дин Фетаи по еден друг повод, таа е дел од институционалната меморија на оваа институција, се разбира и како останатите колеги кои се вработени во тој период. Смета дека со должно внимание за ова сензитивно прашање треба да се произнесат. Се согласува со аргументите на г-дин Трајчев дека Советот во вакви случаи се втор степен и во неговата дискусија претходно рекол дека службата и директорот треба да си ја довршат работата. Негов предлог е да не носат никаков заклучок туку да бидат информирани по однос на ова прашање а потоа во вториот степен ако се појави потреба да се произнесат.

Г-дин Фетаи рече дека и тој е на исто мислење не треба да носат никаква одлука, нека продолжи процедурата до донесување на решението. Рече дека го поддржува предлогот на г-дин Петрушевски.

Г-дин Петрушевски рече дека дилемата е дали да се гласа неговиот предлог, дали има мнозинство или да ја затвори седницата без заклучок иако постапката и понатами ќе си продолжи сепак смета дека не е тоа добар начин. Рече дека ќе го стави на гласање и ќе го поддржи сопствениот предлог.

Г-дин Трајчев рече со оглед на фактот дека има приговор доставен од лице по кое се води постапка, тој приговор може да биде дозволен или не дозволен. Дали е дозволен треба да се добие мислење од страна на Агенцијата, да се испита тоа од правен аспект до крај, доколку е не дозволен односно преуранет треба да се отфрли. Доколку е дозволен треба да влезат во материјална расправа и да одлучат дали ќе го прифатат или не. Но за тоа како и во сите материјали досега кога се дава конкретен предлог треба да има предлог. Овде нема предлог што се бара од нив и треба да има мислење од Агенцијата. Неговиот предлог е да се остави оваа точка за следната седница, во однос на приговорот да се даде мислење од страна на Агенцијата, да се анализира. Доколку е не дозволен како приговор односно преуранет тогаш Советот да донесе одлука да го отфрли приговорот. Понатака се задржува правото на конечната одлука на Агенцијата а тие како второ степена да навлезат во анализирање. Тоа е негово мислење за нешто што го добиле 10-15 минути пред седницата, првпат го гледаат, се работи за правни работи кои треба да се проверат и тоа е неговото мислење.

Г-дин Трајчевски, процедурално, рече дека мора да реагира бидејќи материјалот не е добиен пред 15 минути туку пред 27-28 часа. Ги замоли сите членови на Советот да ги отворат мејловите, и не е коректно да се изнесуваат невистини. Ова е лесно проверливо да се види кога е добиен материјалот. Службената белешка е изработена од Стручната служба и не е дадено мислење бидејќи тој е странка од спорот. Ако тој даде мислење да се одлучува, да се прифати или отфрли приговорот ќе биде во привилегирана состојба во однос на личноста против која е покрената дисциплинска

постапка. Службената белешка се однесува на приговорот кој вчера го поднела вработената и тој е доставен некаде околу пладне и точно може да проверат во колку часот е доставен приговорот и службената белешка. Од службената белешка јасно се гледа дека приговорот е не основан. Но службата не може да се стави во привилегирана положба во однос на колешката која вложила приговор. Доколку Советот сака да му се изработи одлука, заклучок или било каков акт, треба прво да каже каков е неговиот став и Агенцијата таква одлука ќе донесе. Во оваа ситуација не може да прејудицираат одлука на Советот бидејќи станува збор за спор помеѓу директорот и еден од вработените.

Г-ѓа Митревска рече дека овој приговор е преуранет. Овој приговор ќе биде разгледуван од страна на Советот по завршување на дисциплинската постапка и откако ќе биде донесено решение со кое што на вработената ќе и се изрече мерка или нема да и се изрече мерка. Во оваа фаза овој приговор е прерано да се разгледува бидејќи постапката тече. Приговорот е поднесен на решение со кое се одлучува за статусот на постапката а не за право на вработената. Кога ќе се одлучува за правото на вработената за која е покрената дисциплинска постапка тогаш секако дека вработената ќе има право на жалба. При разгледување на жалбата ќе се разгледуваат и овие решенија кои се донесени во текот на дисциплинската постапка. Овие се процедурални, статусни решенија. Посочи дека во оваа фаза според нејзино мислење е дека Советот не треба да зазема став по приговорот. Став може да заземе кога ќе биде донесено решението за одлучување по дисциплинската постапка и ако вработената има изјавено жалба.

Г-дин Трајчев во врска со она што го кажала г-ѓа Митревска, рече ако приговорот е преуранет тогаш треба да се отфрли. Но за тоа рекол и пак ќе повтори дека она што го кажува директорот дека материјали се пратени пред 27-28 часа не е вистина до крај затоа што добиле меил пред 10-15 минути пред започнување на седницата на приговор со арх. бр.04-1053/8 поднесен на 02.04.2020 година, значи денес и не може да е доставен вчера. Точно е дека има претходни материјали пред 27-28 часа но кога се доставува овој нов материјал и тој го нема во претходните материјали ред е да се каже дека се доставуваат материјали 10-15 минути претходно и се дадени за одлучување. Не му е јасно што се бара од Советот да одлучува и побара директорот да појасни.

Г-дин Петрушевски рече дека основицата на материјалите е пратена вчера и имаше 24 часа. Овој приговор е пратен денес од вработената 10-15 минути пред седницата и е земен во предвид. Ако не биле коректни и демократски можеле да не го примат и да не се стави на дневен ред. Не можело да се влијае кога вработената ќе прати приговор, може и една минута пред седницата, но сепак е земен во предвид. Неговиот предлог што го кажал дисциплинската комисија да си ја заврши работата значи индиректно дека се одбива барањето на вработената за да ја сопре дисциплинската постапка. Рече дека до сега не гледа подобар предлог од неговиот и тој ќе го стави на гласање бидејќи прв дал предлог. Потоа ќе биде ставен предлогот на г-дин Трајчев да се одложи точката. Неговиот предлог е започнатата дисциплинска постапка до нејзино завршување да ја водат директорот и дисциплинската комисија формирана за таа намена. До тогаш нема Советот што да се изјаснува. Овој предлог одговара и на неговите дискусии, целосно на дискусиите на г-дин Фетаи, делумно на г-дин Фиданоски и

предлогот на г-дин Трајчев кој е спротивен. Секој од предлозите за да помине треба да добие најмалку 4 гласа.

Г-дин Фиданоски рече дека тоа делумно е малку широко растеглива категорија и не може да се знае каде претежнува тоа делумното. Затоа да е на местото на г-дин Петрушевски би оставил да се изјасни со гласање и со дискусија конкретниот член на Советот. Побара да го слушне ставот на г-дин Трајчев дали останува на неговиот предлог да се одложи оваа дискусија.

Г-дин Трајчев рече дека не мора да се одложи, не вели дека треба да се одложи, предлага да се одложи. Смета дека е подобро и не би требало да се брза затоа што има материјал кој е доставен 15 минути пред започнување на седница. Инаку ако претседателот инсистира да се одлучува, во заклучокот помешал два термина. Прво рекол дека ќе се остави на Стручната служба, па потоа дека ќе го одбијат приговорот а тој дискутирал ако веќе треба да се остави на службата тогаш треба да се отфрли приговорот, тоа се различни правни термини. По тоа што г-ѓа Митревска кажала дека тој е не навремен и треба да се отфрли, не може да се остави неодлучено. Претседателот вели ќе се остави на службата да одлучи, точно но тоа треба да го направат во формално-правна процедура затоа што во моментот има приговор. Има два приговора кои се различни по содржина пред нив како материјали. Затоа нему не му е јасно што треба да одлучуваат, што треба да гласаат и што се бара од нив во моментот.

Г-дин Фетаи предложи предлогот на г-дин Петрушевски да се стави на гласање. Претседателот добро ја сублимирал неговата идеја и не би навлегол во расправа. Советот нема за што да одлучува сега, нема Решение од директорот за постапката. Од таа причина предложи да се стави на гласање предлог-заклучокот на г-дин Петрушевски. Не треба да се оди во подлабока расправа за оваа фаза во која се наоѓа дисциплинската постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека секогаш демократски ги водел седниците и остави можност уште некој предлог ако има да се слушне, ако не ќе го стави на гласање неговиот предлог кој два пати истиот го кажал.

Г-дин Фиданоски рече дека секоја дискусија е вредна, меѓутоа оваа дискусија со оглед на тоа во која фаза се наоѓа ова прашање за нив како Совет е без предметна и воопшто не треба да носат никаков заклучок. Тоа е неговиот став.

Г-дин Петрушевски рече дека Советот може и да не донесе заклучок ако за неговиот предлог има два или три гласа или еден само неговиот глас. И за идејата на г-дин Трајчев да се одложи исто може да донесат или не донесат одлука во зависност од тоа како ќе помине првото гласање. Неговиот предлог го стави на гласање: Советот на Агенцијата да донесе заклучок дека започнатата дисциплинска постапка до нејзиното завршување ја води директорот на Агенцијата односно дисциплинската комисија формирана за таа намена.

Советот на Агенцијата со 4 гласа „за“ и три воздржани гласа од г-дин Трајчев, г-дин Фиданоски и г-дин Јанчески го усвои заклучокот.

Г-дин Петрушевски рече дека се надева како што кажале колегите ќе се води една коректна постапка, дека ќе се почитуваат нивните меѓусебни права и ќе се однесуваат со почит и на крај Советот ќе добие еден предлог од нивна страна.

Г-дин Ајдини процедурално, побара да се стават имињата на членовите кои гласале „за“ и „воздржани“.

Г-дин Петрушевски рече дека „за“ гласале г-дин Петрушевски, г-дин Ајдини, г-дин Фетаи и г-ѓа Машовиќ. Воздржани беа г-дин Трајчев, г-дин Фиданоски и г-дин Јанчески.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-1605/18**
**22.04.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**